**СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**

**ODA STOMATOLOGJIKE E MAQEDONISË**

**MACEDONIAN DENTAL CHAMBER**

**Бр. 02-802/5**
**Скопје, 19.09.2022 година**

Врз основа *член 21, став 1 точка 16* од Статутот на Стоматолошката комора на Македонија (Службен весник на РСМ бр. 118/2021) и член 29 од Деловникот за работа на Собранието бр. 02-1046/12 од 27.10.2021 година, **Собранието на Стоматолошката комора на Македонија**, на својата **13-та** седница, одржана на **06.09.2022** година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**

**Член 1**

Се усвојува предложениот **Правилник за управување со Фондот за взаемна помош,** предложен од Извршниот одбор, со измените и дополнувања предложени и усвоени на седницата на Собранието.

**Член 2**

Одлуката стапува на сила на денот на нејзиното донесување.

**Член 3**

Правилник за управување со Фондот за взаемна помош ќе се објави на веб-страната на Комората.

Образложение

Предлог-правилникот за управување со Фондот за взаемна помош доставен од Извршниот одбор на Комората, на предлог на д-р Денковски, се дополни со можност и **пензионирани доктори на стоматологија,** *кои редовно плаќале членарина во последните седум години пред да остварат право на старосна пензија,* да добиваат парична помош од Фондот во ***износ од 10.000,00 денари.*** Д-р Атанас Павлески на седницата предложи, покрај по основ раѓање, членовите на Комората да можат да добијат парична помош и по основ ***ПОСВОЈУВАЊЕ на ДЕТЕ.***

Предлозите за дополнување на Предлог-правилникот беа ставени на гласање и беа усвоени од присутните делегати со 39 гласа ЗА и 1 воздржан. Текстот на Предлог-правилникот за управување со Фондот за взаемна помош, заедно со усвоените измени и дополнувања на самата седница, беше усвоен од присутните делегати со 39 гласа ЗА и 1 воздржан.

**СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА,**

**СОБРАНИЕ НА СКМ**
**Претседател,**
**д-р Оливер Манасиев**

М.П.

ул „Балзакова" бр. 32, Скопје
+389 (02) 3246 851/852
skm@skm.mk
www.skm.mk